## Slavica Nicoska

**From:** Slavica Nicoska <slavica.nicoska@investnorthmacedonia.gov.mk>
**Sent:** Friday, April 5, 2024 2:17 PM
**To:**
**Cc:** 'zulfi.adili@invest.gov.mk'; 'Emilija Trajkovska'; 'gylten.limaj@invest.gov.mk'; 'fatime.koka@invest.gov.mk'
**Subject:** Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-199/4
05.04.2024 год.
Скопје

Почитувани,

До Агенцијата на странски инвестиции и промоција на извозот на РСМ на ден 25.03.2024 година од страна Генерален секетеријат на Владата на РСМ е доставено известување со кое се проследува Барање за пристап до информации од јавен карактер доставено од страна на

зо кое се бара информација за исплатени средства за периодот 2018-2023 година за следниве мерки за финансиска поддршка за инвестиции и конкурентност:
(1) Финансиска поддршка за инвестиции:
а) Поддршка за нови вработувања;
б) Поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи од Република Северна Македонија;
в) Поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување;
г) Поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес;
д) Поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи и
ѓ) Поддршка за откуп на средства од претпријатија во потешкотии.
(2) Финансиска поддршка за конкурентност:
а) Поддршка за зголемување на конкурентност на пазарот;
б) Поддршка за освојување на пазари и пораст на продажба.
барање за слободен пристап за информации од јавен карактер за понатамошно постапување.
Постапувајќи по член 2 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РСМ ги дава следните информации:
"Исплатени средства за целокупниот период од 2018 до 2023 година, согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции за следните мерки, и тоа за:

1. Поддршка за нови вработувања околу 5.596.550 денари;
2. Поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи од Република Северна Македонија 0 денари;
3. Поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување околу 292.962.140 денари;
4. Поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес околу 465.376.770 денари;
5. Поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи околу 2.557.044.830 денари;
6. Поддршка за преземање на деловни субјекти во потешкотии 0 денари;
7. Поддршка за зголемување на конкурентност на пазарот околу 2.054.879.140 денари и
8. Поддршка за освојување на пазари и пораст на продажба околу 15.432.310 денари.

Притоа, истите се официјални податоци добиени од страна на Кабинетот на Заменик Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции како давател на финансиската поддршка врз основа на склучени договори.

Со почит,


Slavica Nichoska Donev

Associate
Marketing & Public Relations Department
Marketing Unit

Agency for Foreign Investments and
Export Promotion of the Republic of North Macedonia

Adress: Nikola Vapcarov 7, 1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: +389 2 3169 105
e-mail: slavica.nicoska@invest.gov.mk
web: www.invest.gov.mk


Invest North Macedonia

Before printing this e-mail, please consider environment protection.